**Федерација на планинарство на Северна Македонија Mountaineering Federation of North**

11 Октомври 42, 1000, Скопје +389 2 3 165 540
Република Македонија http://www.fpsm.org.mk/
11 Oktomvri 42, 1000, Skopje +389 2 3 165 540
Republic of North Macedonia

Комисијата за планинарски водичи на Федерацијата за Планинарство на Северна Македонија, согласно член 2, став 4, алинеа 15 од "Правилник за работа на Комисијата за планинарски водичи и регулирање на водичката дејност при Федерацијата за Планинарство на Северна Македонија" и "Правилник за лиценцирање на образовен кадар при Комисијата за планинарски водичи на ФПСМ", организира:

# ОБУКА
# за лиценцирање на образовен кадар

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОБУКАТА

Организатор на обуките за лиценцирање на образовен кадар, согласно стандардите на UIAA, е Комисијата за планинарски водичи (КПВ) во соработка со Центарот за стручно образование (ЦСО) при Федерацијата за планинарство на Северна Македонија (ФПСМ). Изведувачи на обуката се стручни лица, ангажирани од ФПСМ.

## ТЕК НА ПРИЈАВУВАЊЕ

- ФПСМ објавува повик за организирање на обука за образовен кадар.
- Заинтересираните се пријавуваат на обука за образовен кадар со документи кои се наоѓаат на интернет страната на ФПСМ https://www.fpsm.org.mk/%d0%b4%d0%be%d0%ba%d1%83%d0%bc%d0%b5%d0%bd%d1%82%d0%b8-%d0%ba%d0%bf%d0%b2-1/ (Пријава).
- Документите за учество на обука за образовен кадар, со потребните потписи и печати, треба да се испратат на адресата: Федерација за планинарство на Северна Македонија, Комисија за планинарски водичи, 11-ти Октомври 42а, 1000, Скопје, Република Северна Македонија.

## УСЛОВИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ

Условите за учество на обуката се наведени во продолжение на овој документ

**ТРОШОЦИ ЗА ОБУКАТА**

Во цената за учество на обуката за образовен кадар се вклучени: практични задачи, предавања преку интернет, подготовка на документи и вежби за изведба на обуката, еднодневна теоретско– практична обука, завршен испит, ангажманот на стручните лица, изработка на потврди за учество на обуката, легитимации.

Во цената на обуката не е вклучен трошокот за превоз на кандидатите. Трошоците за учество на обуката треба да бидат подмирени пред почетокот на обуката. ФПСМ има право да задржи 50% од вкупната сума за обуката, ако учесникот се откажал 7 дена пред почнување на обуката. За целосно изостанување од обуката КПВ одлучува врз основа на Изјава од пријавениот кандидат испратена до КПВ.

**ОСНОВНА ЛИТЕРАТУРА**

- Статут, правилници и документи на ФПСМ
- „Планинарење– Прирачник– Лето“, во издание на ФПСМ.
- „Основи на движење низ планина“, Бојан Полак, во издание на ФПСМ.
- „Медицинско санитарен прирачник за алпинисти и планинари“, проф. Д-р Јовица Угриновски, во издание на ФПСМ.
- „Правилник за бележење планинарски патеки во Република Македонија“, во издание на ФПСМ.
- „Безбедно движење низ планините“, брошура во издание на ФПСМ.

**СТЕПЕНИ НА ОБРАЗОВНА ЛИЦЕНЦА**

Постојат две нивоа на лиценца:

1. Прв степен – Асистент
2. Втор степен – Инструктор по планинарство.

а. **Асистент**

Услови за добивање лиценца од прв степен – асистент:

− членство во планинарски клуб кое е член на ФПСМ,

− членство во регионален огранок,

− стекнат назив на водич на ФПСМ,

− важечка лиценца за планинарски водич,

− покажано високо ниво на знаења, вештини и искуство во водичката дејност,

− способност за пренос на знаења и вештини,

− соодветни комуникациски вештини,

− познавање на Правилникот за образование на ФПСМ и предметната програма,

− препорака од регионалниот огранок или најмалку двајца носители на лиценца за инструктор,

− потврда за неосудуваност,

− извештај од спортска медицина без медицински наод,
− интерес и достапност за работа на обуки, испити и вежби.

б) **Инструктор по планинарство**

Услови за добивање лиценца од втор степен - Инструктор по планинарство

Покрај сите услови за добивање лиценца од прв степен, за доделување лиценца од втор степен потребно е исполнување и на следните услови:

− активна работа и посветеност на обуките, испитите и вежби на ФПСМ во изминатиот период на лиценцирање според извештаите и оценката на раководителите (координаторите) на овие обуки (за првото стекнување Лиценците од второ ниво потребни се најмалку три позитивни оценки во извештаите на раководителот на обуката),
− пренос на знаења и вештини во согласност со Правилникот за образование на ФПСМ, Програмите за А и Б стандард, протоколите и препораките на Комисијата,
− учество на стручни семинари организирани од страна на Комисијата,
− успешно да го положил испит за Инструктор по планинарство по програма за стручно образование од МОН.

**ИСПИТ ЗА ИНСТРУКТОР ПО ПЛАНИНАРСТВО**

Испитот за Инструктор по планинарство по програма за стручно образование од МОН, е еден од условите за добивање лиценца од втор степен. Испитот одредува:

− познавање на организациската структура на ФПСМ,
− познавање на организациската структура на Комисија за планинарски водичи на ФПСМ,
− познавање на Правилникот за образование на ЦСО во ФПСМ,
− познавање на предметната програма за водичи и стандардите за кои се стекнува лиценца,
− познавање на административни задачи при организирање на обуки и испити,
− познавање на методите на настава на обуките и испитите за водич на ФПСМ.

**Термин: Од 02.02.2026 до 06.02.2026**

**Рок за пријавување: 23.01.2026**

**Цена: 2000 денари**

Федерација на планинарство на Северна Македонија
Комисија за планинарски водичи